Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 335, 15 декември 2023 година

декември 2023 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ...... 3**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН“ ОД М-Р АГИМ АСАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ...... 14**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ХЕМИЈА ЗА СТУДЕНТИТЕ НА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ” ОД ПРОФ. Д-Р БИЉАНА БАЛАБАНОВА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ...... 20**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН” ОД ВОН. ПРОФ. М-Р ЈОРДАН ЕФРЕМОВ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ...... 25**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ИЗОЛАЦИЈА НА ПРИРОДНИ ПРОДУКТИ” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р СЦИ. БИЉАНА ЃОРЃЕСКА И ПРОФ. Д-Р САЊА КОСТАДИНОВИЌ-ВЕЛИЧКОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ...... 28**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРОСТОР И АВАНГАРДЕН ДИЗАЈН” ОД ПРОФ. Д-Р КАТЕРИНА ДЕСПОТ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ...... 33**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОЕКТИРАЊЕ” ОД ПРОФ. Д-Р ВАСКА САНДЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ...... 36**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ...... 39**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2102-175/3 од 9.11.2023 година донесена на 298. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 9.11.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област ***управување со туристички простор*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **д-р Дејан Илиев**, редовен професор, вработен на Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претседател;
- **д-р Зоран Тунтев,** редовен професор, вработен на Факултет за туризам и угостителство во Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, член,
- **д-р Златко Јаковлев,** редовен професор, вработен на Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 26.10.2023 година и во предвидениот рок се пријави д-р Тања Ангелкова-Петкова, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата на кандидатката вонреден професор д-р Тања Ангелкова-Петкова, поднесена во архивата на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип е навремена, комплетна и уредна.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Тања Ангелкова-Петкова е родена 24.6.1983 година во Гевгелија, каде што завршува основно и средно образование. Во 2006 година дипломира на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје на насоката Социологија и се стекнува со звање дипломиран социолог. Во 2006 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за туристички и хотелски менаџмент при Универзитет „Сингидунум“ - Белград (Србија). Во 2008 година го одбранува магистерскиот труд со наслов „Специфични облици на поврзување на туризмот и земјоделството на Стара Планина“ (оригинален наслов „Specifični oblici povezivanja turizma u poljoprivrede na Staroj Planini“) и се стекнува со звање магистер по економски науки од областа на туристички и хотелски менаџмент. Во 2012 година на Факултетот за туристички и хотелски менаџмент при Универзитет „Сингидунум“ - Белград (Србија) ја брани докторската дисертација на тема „Улогата на специфичните видови туризам во ревитализација на пограничните подрачја помеѓу Србија и Македонија“ (оригинален наслов „Uloga specifičnih vidova turizma u revitalizaciji pograničnih područja između Srbije i Makedonije“) и се стекнува со звање доктор на економски науки.

Од октомври 2008 до март 2009 година, д-р Ангелкова-Петкова волонтира на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во наставниот центар во Гевгелија. Во март 2009 година се вработува како помлад асистент, во 2012 година е избрана во асистент, од 2014 до 2018 година работи како доцент, а од 2018 до 2023 година работи како вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Д-р Ангелкова-Петкова како истражувач активно учествува во повеќе национални и меѓународни проекти и тоа во улога на соработник/асистент, теренски истражувач, член на тим, регионален раководител и помошник-координатор на проект.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

Кандидатката д-р Тања Ангелкова-Петкова за вонреден професор од научна област управување со туристички простор е избрана со Одлука бр. 2102-49/6 од 30.1.2019 година донесена на 197. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика. Рефератот е објавен во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, број 224 од 31.12.2018 година, стр. 09-17.

Во периодот 2009-2012 година д-р Ангелкова-Петкова работи како помлад асистент (Одлука бр. 2602-34/3 од 12.3.2009 година), од 2012-2014 година како асистент (Одлука бр. 2602-167/4 од 17.3.2012 година), од 2014-2018 година како доцент (Одлука бр. 2602-554/3 од 17.5.2014 година), а од 2018-2023 (Одлука бр. 2102-473/6 од 30.11.2018 година) како вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Притоа, кандидатката е ангажирана во настава на повеќе наставни предмети на прв, втор и трет циклус студии. Врз основа на Решение за акредитација, кандидатката е ментор за втор (Одлука бр. 0801-390/1 од 10.4.2018 г.) и трет циклус (Одлука бр. 1409-439/4 од 25.9.2020 г.) студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Општи услови за избор во редовен професор:***

1. **Научен степен: доктор на економски науки**

Докторската дисертација на тема „Улогата на специфичните видови туризам во ревитализација на пограничните подрачја помеѓу Србија и Македонија“ (оригинален наслов: „Uloga specifičnih vidova turizma u revitalizaciji pograničnih područja između Srbije i Makedonije“), одбранета на 10.7.2012 година на Факултетот за туристички и хотелски менаџмент при Универзитет „Сингидунум“ - Белград (Србија), достапна на https://singipedia.singidunum.ac.rs/izdanje/40998-uloga-specificnih-vidova-turizma-u-revitalizaciji-pogranicnih-podrucja-izmedju-srbije-i-makedonije

2. **Претходен избор во звање: вонреден професор**

Кандидатката д-р Тања Ангелкова-Петкова е избрана за вонреден професор од научна област управување со туристички простор со Одлука бр. 2102-49/6 од 30.1.2019 година донесена на 197. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика. Рефератот е објавен во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, број 224 од 31.12.2018 година, стр. 09-17.

3. Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ristova, C. & **Angelkova, T.** | Google Hotel Ads: new ways to drive hotel bookings and reach guests. | Knowledge – International Journal, 57 (1). pp. 109-114. ISSN 2545-4439 | 2023 |
| 2 | Ristova, C. & **Angelkova, T**. | Analysis of crisis management in the hotel industry: the case of Macau. | Economic Development, 25 (5). pp. 108-122. ISSN 1857-7741 | 2022 |
| 3 | **Angelkova, T.** & Kitanov, V. | Potentional for ecotourism in Gevgelija region | Knowledge – International Journal, 48 (1). pp. 143-148. ISSN 2545-4439; 1857-923X | 2021 |
| 4 | Kitanov, V. & **Angelkova, T.** | The needs and structure of modern tourist destinations. | Knowledge International Journal Scientific Papers, 45.1. pp. 113-118. ISSN 1857-923X | 2021 |
| 5 | Kitanov, V. & **Angelkova, T.** | Development and economic significance of rural tourism | Knowledge International scientific journal, 49.1. pp. 163-166. ISSN 1857-923X | 2021 |
| 6 | **Angelkova, T.** & Kitanov, V. | Women's folk costume, part of the promotion of cultural tourism in the Gevgelija region. | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 42.5. pp. 907-913. ISSN 2545-4439 | 2020 |

4. Потврда за познавање на странски јазик: д-р Тања Ангелкова-Петкова има доставено Уверение за познавање англиски јазик.

5. Објавен рецензиран универзитетски учебник од научната област за која се избира:

1. **Angelkova, T.,** Ristova, C. (2023) *Специфични видови на туризам. In: Специфични видови на туризам. University "Goce Delcev" Stip. ISBN 978-608-277-006-2*

6. Способност за изведување на високообразовна дејност: Од октомври 2008 до март 2009 година, д-р Ангелкова-Петкова волонтира на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во наставниот центар во Гевгелија. Во март 2009 година се вработува како помлад асистент, во 2012 година е избрана во асистент, од 2014 до 2018 година работи како доцент, а од 2018 до 2023 работи како вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Д-р Ангелкова-Петкова како истражувач активно учествувала во повеќе национални и меѓународни проекти и тоа во улога на соработник/асистент, теренски истражувач, член на тим, регионален раководител и помошник-координатор на проект.

***Посебни услови избор во звање редовен професор:***

1. Под менторство изработени дипломски/магистерски тези: Во изборниот период, д-р Ангелкова-Петкова била ментор на бројни дипломски трудови, ментор на магистерски труд, член и претседател на комисија на дипломски, магистерски и докторски трудови.
2. Д-р Ангелкова-Петкова учествувала во повеќе национални и меѓународни научно-стручни и научноистражувачки проекти во последните 5 години од последниот избор во вонреден професор. Позначајни се:

– „Тур-ре-Тур“, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Стручно-апликативен проект организиран од страна на ФТБЛ при УГД - Штип за организирање на сертифицирана настава за профилирање на стручни лица од областа на туризмот.

– Проект IDEAS – Меѓународна соработка помеѓу Република Северна Македонија и Бугарија – Наслов на проект „Регрутирање млади професионалци со иновативни идеи во земјоделско-прехранбениот и туристичкиот сектор“;

– Проект IDEAS – Меѓународна соработка помеѓу Република Северна Македонија и Грција – Наслов на проект “Europas-Palatiano-Stobi-European past and future cultural values”;

– Поттикнување на развојот на специфичните форми за развој на туризмот во Општина Гевгелија, со посебен осврт на културниот туризам и традиција во Општина Гевгелија;

– Модел за подобрување на перформансите во хотелската индустрија и туризмот во Македонија, ФТБЛ, УГД-Штип, 2017-2019.

3. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници: до сега д-р Ангелкова-Петкова соработувала со повеќе помлади наставници и соработници од ФТБЛ и била вклучена како рецензент за избор или издавачка дејност.
4. Има остварено минимум вкупно 100 поени (НО=40, НИ=45, САОР=15): Во изборниот период д-р Ангелкова-Петкова има остварено за НО=40 поени, НИ=187,5 поени и САОР=112 поени, или вкупно=330,5 поени.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот 2009-2012 година д-р Ангелкова-Петкова работи како помлад асистент (Одлука бр. 2602-34/3 од 12.3.2009 година), од 2012-2014 година како асистент (Одлука бр. 2602-167/4 од 17.3.2012 година), од 2014-2018 година како доцент (Одлука бр. 2602-554/3 од 17.5.2014 година), а од 2018-2023 (Одлука бр. 2102-473/6 од 30.11.2018 година) како вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Притоа, кандидатката е ангажирана во настава на повеќе наставни предмети на прв, втор и трет циклус студии. Врз основа на Решение за акредитација, кандидатката е ментор за втор (Одлука бр. 0801-390/1 од 10.4.2018 г.) и трет циклус (Одлука бр. 1409-439/4 од 25.9.2020 г.) студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Во тек на наставно-образовната дејност, кандидатката одржува предавања и вежби во сите наставни центри на матичниот факултет (Гевгелија, Скопје и Штип), и тоа за прв циклус студии за следниве предмети: Истражување на туристички пазар, Специфични видови на туризам, Менаџмент на туристички дестинации, Одржлив туризам, Религиозен туризам, Социологија на туризмот и

угостителството, Професионална пракса, Професионална пракса во земјата и во странство, како и есеи за истите. На втор циклус студии кандидатката е ангажирана за реализирање на настава за предметите: Одржливост и дигитализација на туристичка дестинација, Тематски туризам, Управување со туристичка дестинација, Екотуризам, на насоката Меѓународен туризам, Економски и општествени аспекти на одржлив развој, на насоките Бизнис администрација и Бизнис логистика. На трет циклус студии кандидатката е ангажирана за реализација на настава по предметот Одржливост и управување со туристички дестинации, на насоката Туризам и угостителство.

Д-р Ангелкова-Петкова е ментор на повеќе дипломски трудови, завршни трудови и ментор е на една магистерска теза. Воедно, била и член и претседател на комисии за одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови.

Кандидатката д-р Ангелкова-Петкова е автор/коавтор на следните рецензирани скрипти, практикуми и книги:

7. **Angelkova, T.** & Ristova, C. (2023) *Специфични видови на туризам.* In: Специфични видови на туризам. University «Goce Delcev» Stip. ISBN 978-608-277-006-2 (учебник)
8. Metodijeski, D., Filiposki, O., Todorovic, E., Kitanov, V., **Angelkova, T.,** Sazdova, J., & Micevski, M. (2023) *Младинските патувања и туризмот.* Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-17-7 (книга)
9. Metodijeski, D., Filiposki, O., Taleska, M., Todorovic, E., **Angelkova, T.,** Kitanov, V., & Sazdova, J. (2023) *Туризмот во урбаните средини.* Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-19-1 (книга)
10. Ristova, C. & **Angelkova, T.** (2020) *Казино туризам и казино хотели.* ISBN 978-608-244-759-9. (скрипта)
11. Ristova, C. & **Angelkova, T.** (2020) *Казино туризам и казино хотели.* ISBN 978-608-244-758-2. (практикум).

Кандидатката д-р Тања Ангелкова-Петкова објавила повеќе научни труда од областа на туризмот, менаџмент на туристички дестинации, специфични видови туризам, одржлив туризам, рурален туризам и други теми од областа на туризмот. Како поважни научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија, меѓународни конференции, симпозиуми и конгреси се издвојуваат:

12. Kitanov, Vladimir and **Angelkova, Tanja** and Jakovlev, Zlatko (2023) *Туризмот и туристичката медијација во услови на глобализација.* Шеста меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, 19 May 2023, Skopje, RN Macedonia. pp. 195-205.
13. **Angelkova, Tanja** and Kitanov, Vladimir and Ristova, Cvetanka (2023) *Млековод - Уникатна туристичка дестинација во манастир „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка.* In: Шеста меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, 19 May 2023, Skopje, RN Macedonia.
14. **Angelkova, Tanja** and Ristova, Cvetanka (2021) *Значењето на туристичките агенции за развој на Македонија како атрактивна туристичка дестинација.* In: Четврта меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, 19 Nov 2021, Stip, RN Macedonia.
15. **Angelkova, T.** (2021) The influence of the Municipality of Berovo on the development of specific forms of tourism in Macedonia. IOSR Journal of Humanities and Social Science, 26 (01). pp. 54-59. ISSN 2279-0837
16. Kitanov, Vladimir and **Angelkova, Tanja** (2020) *The economic sustainability of the*

*catering and tourist facility through the role of the sommelier.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 42.1. pp. 71-75. ISSN 2545-4439

17. Kitanov, Vladimir and **Angelkova, Tanja** (2020) *Иновациите во туризмот и угостителството.* In: Трета Меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, ISCTBL 2020, 13 Nov 2020, Stip.
18. **Angelkova, Tanja** and Kitanov, Vladimir (2020) *Општина Берово, атрактивна туристичка дестинација за специфични видови туризам.* In: Трета меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, ISCTBL 2020, 13 Nov 2020, Stip.
19. Kitanov, Vladimir and Kitanova, Irena and Ristova, Cvetanka and **Angelkova, Tanja** (2019) *Tourism and student excursions as a part of the educational system.* Knowledge – International Journal, 34 (2). pp. 523-527. ISSN 2545 – 4439
20. Dimitrov, Nikola and Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan and Mitreva, Elizabeta and Magdinceva Sopova, Marija and Josheski, Dushko and Boskov, Tatjana and **Angelkova, Tanja** and Filiposki, Oliver (2019) *Regional historical – geographical overview of tourism in the Republic of Macedonia.* SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (54). pp. 103-113. ISSN 2367-5721
21. Ristova, Cvetanka and **Angelkova, Tanja** (2019) *How are social media influencers changing the hotel industry. Can your hotel benefit from it?* In: 18th International Scientific Conference - Contemporary Trends in Tourism and Hospitality “Get ready for iGeneration”, 13 Sept 2019, Novi Sad, Serbia.
22. Miceva, Magdalena and **Angelkova, Tanja** and Kitanov, Vladimir (2019) *Implementation of contemporary trends in logistics in the transport companies.* In: The 2nd International Scientific Conference “Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century”, 13 Sept 2019, Stip, Republic of North Macedonia.
23. Ristova, Cvetanka and **Angelkova, Tanja** and Micevski, Mladen (2019) *Virtual tourism: New frontier for the hotel industry.* In: The 2nd International Scientific Conference “Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century”, 13 Sept 2019, Stip, Republic of North Macedonia.
24. Ristova, Cvetanka and **Angelkova, Tanja** (2019) *Women in the hospitality industry: Employment opportunities and challenges.* In: 4rd International Scientific Conference TISC 2019, 30 May - 1 June 2019, Vrnjačka Banja, Serbia.

Горенаведените трудови од научноистражувачкиот опус на д-р Ангелкова-Петкова, во целост се достапни на линкот за трудови (е-репозиториум): http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Angelkova=3ATanja=3A=3A.html

Во продолжение е дадена кратка евалуација на шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија во последните пет години, како дел од законските услови кои треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање редовен професор:

1. Ristova, C. & **Angelkova, T.** (2023) *Google Hotel Ads: new ways to drive hotel bookings and reach guests.* Knowledge – International Journal, 57 (1). pp. 109-114. ISSN 2545-4439

Целта на овој труд е да ја претстави зголемената побарувачка за резервациите преку интернет, поточно преку новата Google платформа - Hotel Finder, во пребарувачот за хотели наречен Google Hotel Ads или Google Hotel Ads Commission Program. На овој начин, Google прави огромен чекор за да се соочи со платформи како Booking или Trip Advisor, овозможувајќи директна резервација

од пребарувачот. Понатаму, системот за плаќање се движи кон стратегија за цена-по-клик или цена по купување, плаќајќи само кога е направена резервација на соба. Google Hotel Ads нуди можност за прикажување на хотелската реклама или сместување на патниците во точниот момент кога тие бараат хотел, што значи дека хотел ќе плаќаат само кога патникот ќе кликне на рекламата или ќе резервира соба. Посочувајќи веќе неколку од очигледните предности на овој мета-пребарувач на хотели, понатаму трудот ќе се насочи кон комплетна анализа на оваа рекламна платформа од аспект на бенефитите за хотелските сместувачки капацитети. На почеток ќе се даде осврт на големината на онлајн резервациите за дополнително да може да се разбере важноста на Google Hotel Ads на туристичкиот пазар за промоција. Понатаму ќе се дискутира како Google Hotel Ads функционира и работи кога одреден потенцијален патник сака да пристапи и пребара информација за сместувачки капацитет во избрана туристичка дестинација, но и што треба хотелот да направи, мислејќи како треба и може да постави реклами. Трудот дополнително дискутира и зошто хотелите треба да ги користат Google Hotel Ads, претставувајќи бројни предности.

2. Ristova, C. & **Angelkova, T.** (2022) *Analysis of crisis management in the hotel industry: the case of Macau.* Economic Development, 25 (5). pp. 108-122. ISSN 1857-7741

Овој труд се однесува на периодот за време на пандемијата COVID-19. Поради појавата на вирусот, Макао беше меѓу првите места со претпазливото „исклучување“ на туризмот во февруари 2020 година. И покрај тоа што беа од витално значење за економијата на Макао, туризмот и угостителството, целосно исчезнаа до март 2020 година, откако градот ги затвори своите граници за домашни и меѓународни патници. Ова доведе до нагло опаѓање на бројот на туристи, што имаше негативно влијание врз хотелските бизниси и коцкарските објекти кои зависат од приходите на туристите. Како резултат на тоа, приходите од хотелите во Макао се намалија. Сепак, решителноста и брзината на одлучувањето на Владата на Макао беа валидни за обновувањето на хотелите и идниот развој на хотелската индустрија. Исто така, хотелите што ја покажале својата волја да ја поддржат и да се усогласат со политиката на владата, биле клучни за управувањето со кризата. Овој труд е цитиран во Jornal em Língua Portuguesa (https://hojemacau.com.mo/2022/12/30/hotelaria-estudo-destaca-papel-para-a-saude-no-inicio-da-pandemia/ )

3. **Angelkova, T.** & Kitanov, V. (2021) *Potentional for ecotourism in Gevgelija region.* Knowledge – International Journal, 48 (1). pp. 143-148. ISSN 2545-4439; 1857-923X

Целта на овој труд е да покаже каков е ресурсниот потенцијал на Југоисточниот регион, поточно Гевгелискиот регион, за развој на еко-туризам. Искористувајќи ги туристичките потенцијали Гевгелија може да се афирмира како интересна туристичка дестинација во која можат да се посетат Кожуф Планина, како и природната убавина на село Серменин, село Конско, село Хума и многу други интересни туристички места. Врз база на добиените сознанија од научноистражувачката работа се дадени застапените и потенцијалните облици на туристичкиот промет во регионот. Екотуризмот се базира на контролирана експлоатација на природните и културните елементи на животната средина. Овој тренд, познат како екотуризам, го промовира социјално одговорното патување и еколошката одржливост. Има за цел да обезбеди подобро разбирање на меѓусебните односи помеѓу туризмот и животната средина и да придонесе за остварување на симбиотички односи.

4. Kitanov, V. & **Angelkova, T.** (2021) *The needs and structure of modern tourist destinations.* Knowledge International Journal Scientific Papers, 45.1. pp. 113-118. ISSN 1857-923X

Ефикасниот и ефективен развој на туристичката дестинација претпоставува постоење на одреден туристички производ што може да се пласира на адекватен туристички пазар. Формирањето туристички производ зависи (условно) од привлечноста на просторот во кој се планира развој на туристичката дестинација. Современиот развој на туризмот наметнува постојана потреба од подобрување на постојните, и квалитативно дизајнирање и создавање нови атракции во формирањето на туристичкиот производ. Концептот за развој на нова туристичка дестинација треба да биде насочен кон квалитетот и привлечноста на дестинацијата и нивната организирана валоризација. Атрактивноста на просторот е често одлучувачки фактор кога се донесува одлука за туристичките движења. Постоењето на природни и антропогени атракции влијае на фактот дека одредени дестинации почнуваат да привлекуваат сѐ повеќе туристи.

5. Kitanov, V. & **Angelkova, T.** (2021) Development and economic significance of rural tourism. Knowledge International scientific journal, 49.1. pp. 163-166. ISSN 1857-923X

Преку истражувањето спроведено во рамките на овој труд се потврдува дека руралниот туризам е комплексен туристички производ, составен од бројни парцијални туристички производи кои меѓусебно се поврзани во функционална, економска, социолошка и просторна, како и туристичка целина, бидејќи руралното подрачје има бројни локални и регионални туристички атракции од кои бројни парцијални производи се создаваат, кои по принципот на „ситна врска“ создаваат специфични производи карактеристични за руралните средини и руралниот туризам. Руралниот туризам ја задоволува потребата на градскиот човек за „слободен простор“, за враќање на традицијата, за учење за разликите во однос на природните ресурси и фолклорното наследство и му овозможува да се запознае со „карактеристичните земјоделски култури на регионот“. Руралниот туризам е селективен облик на туризам кој добива на значење во контекст на еколошката димензија на човекот и просторот и растечката свест за потребата од одржлив развој.

6. **Angelkova, T.** & Kitanov, V. (2020) *Women's folk costume, part of the promotion of cultural tourism in the Gevgelija region.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 42.5. pp. 907-913. ISSN 2545-4439

Во овој труд е даден осврт на културниот туризам во општина Гевгелија, со посебно внимание на женската традиционална носија. Објаснето е значењето на црвената боја и бојата на виното кои се бои на земјата и плодноста, додека златната боја е бојата на боговите (небото), затоа нашата народна носија е црвена со златен вез/срма. Врз база на поврзаноста на културниот живот и традицијата е обработен материјал во кој се имплементирани елементи и знаменитости на општина Гевгелија, како и одржливоста и развојот на туризмот во овој регион преку туристичка валоризација на женската народна носија со елементи од општина Гевгелија. Што се однесува до антропогените мотиви значајни за развој на туризмот, во гевгелискиот регион, тие самостојно можат да претставуваат мотив за помалку масовни туристички движења. Секој град најдобро се промовира преку презентација на неговото културно наследство, бидејќи културното наследство го изразува идентитетот на народот, територијата, неговата историја, традиција

и цивилизација. Општина Гевгелија е етнолошки многу богата област, со големо културно наследство. Денес областа на Гевгелиско преку селото Негорци, најмногу фигурира во етнологијата. Селото Негорци во непосредна близина на Негорски Бањи е познато по своите народни носии особено по женската носија која се одликува со разнобојна и разиграна орнаментика и на која е застапен срмениот вез (за кои постои книга) и по своите народни ора, игри, песни, приказни, преданија и легенди.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во периодот 2018-2023 година кандидатката активно учествува во наставно-образовната дејност преку повеќе активности. Организира теренска настава за студентите преку посета на туристички и други објекти, саемски манифестации и други настани, како: манифестација „Смоквијада“ – Гевгелија; пракса за студенти од насоката туризам итн. Била координатор во организирање на традиционалната „Туристичко-гастрономска изложба на алтернативни форми за развој на туризмот“, која се одржува во Гевгелија во последните 14 години.

Членувала во многубројни комисии, како: Наставно-научен совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, Наставно-научен совет на докторски студии на Кампус 4, член на комисии за комисиско полагање на испити, член е на катедра - Туризам. Кандидатката била член на неколку организациски, програмски, уредувачки и рецензентски одбори на научно-стручни конференции и списанија. Била член на меѓународен програмски комитет на Меѓународна научна конференција „Предизвици во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“ - ISCTBL 2022; член на Меѓународен одбор на Годишен зборник на Факултет за туризам и бизнис логистика (Yearbook – Faculty of tourism and business logistics); член на Меѓународен програмски комитет на Меѓународен студентски симпозиум на Факултет за туризам и бизнис логистика. Од 2020 година е назначена за веб-администратор на Факултет за туризам и бизнис логистика.

Кандидатката д-р Ангелкова-Петкова учествува на повеќе настани (работилници, форуми, обуки, тркалезни маси итн.) и добива повеќе признанија, благодарници и сертификати. Располага со сертификати за туристички придружник, туристички водич и раководител на туристичка агенција за кои поседува и соодветни лиценци. Има добиено сертификати за учество на повеќе конференции, како што се: International Scientific Conference, Vrnjacka Banja, Sebia, International Scientific Conference, Stip, Macedonia, Knowledge – capital of the future и други. Учествува на „10 CEI Regional Forum for Health, Wellness & SPA Industry“, Белград, Србија, како и на Меѓународна конференција Финансиски извори за микро, мали и средни претпријатија во Гевгелија. Учествува како предавач на Првата работилница за туристичка валоризација на тема „Touristic valorization of cultural heritage - Principles and examples“, која е одржана во Гевгелија.

Воедно, била рецензент на книги, скрипти и практикум: рецензент на учебници од МОН – „Менаџмент на настани“ (Одлука бр. 26-2263/1 од 27.9.2023 г.), „Конгресен туризам“ (Одлука бр. 26-2266/1 од 28.9.2023 г.), „Информатички системи во угостителството и туризмот“ (Одлука бр. 26-1664/1 од 15.6.2023 г.), „Ловен туризам“ (Одлука бр. 26-1658/1 од 16.6.2023 г.), „Услуги за храна и пијалаци“ (Одлука бр. 26-1666/1 од 16.6.2023 г.). Рецензент на скрипта (Одлука бр. 2102-357/5 од 20.11.2019 г.) и практикум (Одлука бр. 2102-357/4 од 20.11.2019 г.) „Вински туризам“, рецензент на книга „Гастрономски туризам: Современи светски

тенденции и перспективи за развој во Македонија“ од авторите Дејан Методијески, Оливер Филипоски, Никола Цуцулески, Нако Ташков, Георги Мичев, Чедомир Димовски, Емилија Тодоровиќ, со ISBN 978-608-4872-00-9. Исто така е рецензент на повеќе научни и стручни трудови на меѓународни конференции и списанија, како што се International Scientific Conference, Faculty of management and tourism - Vrnjacka Banja, University of Kragujevac, International Scientific Conference – Faculty of Tourism and business logistics, Goce Delce – University, Stip, Macedonia, IJEMT (International journal of economics, management and tourism), Journal of Tourism Research & Hospitality, достапно на http://www.scitechnol.com/editorialboard-tourism-research-hospitality.php, Yearbook – Faculty of Tourism and Business Logistics достапно на https://js.ugd.edu.mk/index.php/ybftbl/about/editorialTeam и други.

Од 2017 година таа е назначена за амбасадор за Македонија за GWD (Global Wellness Day) https://www.globalwellnessday.org/about/ambassadors/.

Во 2019 година е дел од Организацијата на Новогодишен базар за деца со посебни потреби во Гевгелија, а во 2023 година активно учествува во активности поврзани за промоција и презентација на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“. Исто така е дел од работниот тим за „Програма за развој на Југоисточниот плански регион за период од 2021 до 2026 година“ во Струмица, како и дел од тимот за изработка на елаборати за прв и втор циклус на Факултет за туризам и бизнис логистика.

Кандидатката д-р Ангелкова-Петкова е член на Здружението „Локална акциска група Бојмија“, каде што активно учествува во изработка на Стратегија на ЛАГ Бојмија за Локален рурален развој, во 2020 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и разгледување на доставената документација пропишана во објавениот јавен Конкурс, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката **д-р Тања Ангелкова-Петкова** ги исполнува сите суштински и законски критериуми за да биде избрана за наставник во наставно-научно звање редовен професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот има соодветно образование, многубројни учества во проекти, научноистражувачки трудови и книги, работилници и др.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да ја избере д-р Тања Ангелкова-Петкова за наставник во наставно-научно звање редовен професор од наставно-научната област управување со туристички простор** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Дејан Илиев, редовен професор, с.р.
Д-р Зоран Тунтев, редовен професор, с.р.
Д-р Златко Јаковлев, редовен професор, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1 | Избор во звање редовен професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | - Научна книга<br>Во земјава, бр. 8, 9 | 2 | 10 | | | 20 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор, бр. 3, 15, 6<br>Втор автор, бр. 1, 2, 4, 5, 16<br>Останати автори, бр. 19, 20 | 3x9<br>5x6<br>2x3 | | | | 63 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Во земјава, бр. 12, 13, 14, 17, 18, 22, 23<br>Во странство, бр. 21, 24 | 7 | 2 | 2 | 3 | 20 |
| | Учество на научен собир со реферат (усно), концерт во земјава и во странство | 9 | 1,5 | 8 | 2 | 29,5 |
| | Пленарно предавање на научен собир | 1 | 3 | | | 3 |
| | Учесник во научен проект | 3 | 2 | | | 6 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание (останати) | 2x1 | | | | 2 |
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир | 2 | 1 | 3 | 2 | 8 |
| | Рецензент на научен труд (останати) | 27x1 | | | | 27 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **178,5** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Книга бр. 7, 10, 11 | 3 | 10 | | | 30 |
| | Пленарно предавање на стручен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 2 | 0,5 | 2 | 2 | 5 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 5 | 2 | 8 | 21 |
| | Елаборати и експертизи | 5 | 2 | | | 10 |
| | Член на факултетски орган, комисија | 22x2 | | | | 44 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **112** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **330,5** | | | | |

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН“ ОД М-Р АГИМ АСАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип на својата 71. седница (електронска), одржана на 1.12.2023 год., донесе Одлука бр. 0206-1160/5 од 4.12.2023 год., со која се формира Рецензентска комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Културното наследство во функција на одржливиот развој на туризмот во Полошкиот регион“, пријавена и изработена од кандидатот м-р Агим Асани, магистер по менаџмент во туризмот, во состав:

- **проф. д-р Дејан Методијески** – претседател;
- **проф. д-р Тања Ангелкова-Петкова** – член;
- **проф. д-р Оливер Филипоски** – член;
- **проф. д-р Нако Ташков** – интерен ментор и член;
- **проф. д-р Адем Дрешај** – екстерен ментор и член.

Комисијата во наведениот состав, по прегледување на докторската дисертација, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Структура на трудот**

Докторската дисертација со наслов **„Културното наследство во функција на одржливиот развој на туризмот во Полошкиот регион“** на докторанд м-р Агим Асани содржи 345 страници компјутерски обработен текст. Содржински дисертацијата има 5 теми, односно:

Кратка содржина:

*(наведени се само главните теми)*

Вовед

1. Теоретско-методолошки пристап во истражувањето
2. Туризам
3. Култура и туризам
4. Одржливиот развој и туризмот
5. Културен туризам и туризам на културното наследство
6. Религиозен (верски) туризам
7. Емпириски дел на истражувањето

Заклучок

Прилози

Користена литература.

Докторската дисертација е збогатена со 7 табели, 18 графикони и 113 слики (од кои 2 мапи), додаток од анкетни прашалници и 143 референци со користена литература, законска регулатива и интернет извори.

**Предмет и цели на истражувањето**

**Предметот на истражување** во докторската дисертација произлегува од потребата за вклучувањето на потенцијалот на културното наследство во туристичката понуда во Полошкиот регион. Проблем кој се истражува во овој труд е истражувањето на целокупниот потенцијал на културно наследство

што го поседува овој регион и ставањето во функција на одржливиот развој на туризмот. Акцентот е ставен на истражувањето на движното и недвижното културно наследство и анализата на реалната состојба на туристичката понуда во Полошкиот регион, со посебен осврт на прашањето, колку е вклучен културниот туризам во туристичката понуда.

**Цел на дисертацијата.** Научните цели на докторската дисертација се однесуваат на поврзаноста на културното наследство и туризмот. Културниот туризам се повеќе станува атрактивен за голем број туристи, многу земји во светот кои имаат потенцијал од културно наследство, на организирана форма тој потенцијал го поврзувале со туризмот и станале познати и атрактивни туристички дестинации. Придобивките од културниот туризам се големи, како за локалните жители, локалните власти, така и за државата во целина. Друга значајна предност на културниот туризам е зачувувањето на традициите и културните објекти од минатото и пренесувањето на идните генерации на тие богатства. Одредена дестинација со вклучувањето на културното наследство во туристичката понуда, придонесува со развој на локалната заедница, создава можности за вработување, развој на малите бизниси, можност за развој на други видови туризам и многу други придобивки.

Практичните цели на докторската дисертација се однесуваат на формирањето на една атрактивна туристичка дестинација преку преземањето пакет мерки, меѓу кои се: Зголемување на конкурентноста на културниот туризам и туризмот на културното наследство во Полошкиот регион; Иницирање и креирање на препознатлива и одржлива туристичка дестинација во Полошкиот регион; Координација на активностите и унапредување на соработката помеѓу стејкхолдерите во областа на културата и туризмот во Полошкиот регион; Зголемување на должината на престој на туристите, зголемување на туристичкиот промет и приходите од туризмот во Полошкиот регион. Преку анализа на реалната состојба, се утврдуваат недостатоците и слабостите во досегашниот развој на културниот туризам во Полошкиот регион. Исто така, се потенцираат успешни примери од соседни земји и од светот, па со компарација на двата примери дисертацијата ќе помогне на инклузија на најдобрите примери за развој на одржливиот културен туризам во Полошкиот регион.

**Методологија на истражувањето**

Методологијата на истражувањето опфаќа цели, хипотези, методи, инструменти и техники. За потврдување за поставените хипотези се извршени теренски и кабинетски истражувања во кои се применети соодветни техники и методи за прибирање, анализа на податоци и нивна интерпретација. Со помош на кабинетско и теренско истражување се прибрани примарните и секундарните податоци и истите квалитативно и квантитативно се опишани, со што се добива појасна слика на предметот на истражување. Примарните податоци се добиени со примена на методите на набљудување и испитување, а секундарните податоци се добиени преку анализа на постојните податоци во литературата, статистики, годишници за работа, извештаи и сл. Податоците од истражувањето се обработени со методот на анализа на содржина, кој претставува објективна, системска и квантитативна анализа на собраните податоци. Методот на испитување е извршен со помош на однапред подготвена анкета како инструмент за прибирање податоци од страна на претставниците на туристичките агенции и хотелите, кои се сметат клучни во составувањето на туристичката понуда. Кабинетските истражувања се насочени кон анализа на домашна и странска литература, статистики и сл., како и анализа на добиените резултати од теренското истражување со хотелско-туристичките работници во Полошкиот регион.

Анализата на вклучувањето на културното наследство во функција на одржливиот развој на туризмот кај туристичките агенции и хотелите е направена според квантитативно-квалитативен метод кој дава јасна слика за вклучувањето на културното наследство во туризмот, вклучувајќи ја улогата на туристичките агенции и хотелите во процесот на промоција на културното наследство во Полошкиот регион, нивно ангажирање за привлекување што повеќе странски туристи, соработка со другите чинители во туризмот, трансформација на Полошкиот регион од транзитна во стационарна туристичка дестинација и др.

Со цел добивање објективни и реални оценки на поставените индикатори, освен податоците кои се прибирани со метод на анкетирање, извршена е и претходна консултација и дискусија со раководителите, односно претставниците на туристичките агенции и хотелите. Како инструменти за прибирање податоци користени се анкетни прашалници и неформални интервјуа. Собраните податоци понатаму се анализираат со дескриптивна анализа која подразбира трансформација на средените и категоризирани собрани податоци во пишан материјал со кој се појаснуваат испитуваните појави. Направена е компаративна анализа која ќе помогне во утврдување на индикаторите на кои е потребно да се обрне поголемо внимание во квалитетот на дестинацијата, ќе се утврдат слабостите во управувањето со културните добра и ингеренциите на различните носители на туристичката политика. Исто така, направена е и SWOT анализа од која јаките страни од повеќе аспекти се: економски, социјални, туристички и сл., како и можностите кои се ставени според носителите на туристичката политика во земјата за развој на туризмот на локално, регионално и национално ниво. Од друга страна, ќе се согледаат и слабите страни, односно пропустите во досегашното работење на сите заинтересирани страни, менаџирањето со дестинациите, угостителските објекти итн. Анализата ќе помогне и во навремено отстранување на заканите и нивно претворање во можности.

**Анализа на одделните делови од докторската дисертација**

Дисертацијата содржи повеќе меѓусебно поврзани поглавја кои даваат одговор на зададените истражувачки цели. Обработен е голем обем на теоретска литература од истражувачката област и извршени се теренски истражувања.

Во првото поглавје на докторската дисертација е претставена методолошката **рамка** на истражувањето, јасно е дефиниран предметот на истражување, утврдени се научните и практичните цели на истражувањето и основната и посебните хипотези. Исто така, одредени се методите на истражување, изворите на податоци, начинот на обработка и интерпретација на податоците. На крајот се објаснуваат оправданоста на истражувањето и применливоста на резултатите.

Во второто поглавје насловено како ***Осврт на литературата*** се вклучени голем број теми, почнувајќи од темата ***Туризам***, каде што се прави дефиниција на поимот туризам и турист, потоа се елаборира историскиот развој на туризмот и класификација односно видови на туризам. Како друга тема на ова поглавје е темата ***Култура***, каде што исто така има неколку поттеми, како поим, дефинирање и приоди во дефинирањето на културата, потоа имаме дефиниции за културата според УНЕСКО, карактеристики и аспекти на културата и јазик и култура. Трета тема на поглавјето е ***Културните вредности и атракции***, каде што се елаборираат темите *Проценка на културните вредности* и *Стратегии за промоција на културните вредности*. Четврта тема на ова поглавје е ***Одржливиот развој***, одржливиот развој и туризмот, одржливиот развој и културата, каде што се изнесени неколку теми во врска со поимот, дефинирањето, аспекти и цели на одржливиот развој,

потоа *Одржливиот развој и туризмот, Местото на културата во одржливиот развој, Културни аспекти на одржливиот развој, Индикатори за одржлив развој на културата, Меѓународни документи и програми за заштита на културното наследство, Агенда 21 за културата, Дигитализација на културното наследство и Негативните влијанија на брзиот развој на туризмот врз културното наследство*. Петтата тема гласи ***Културен туризам и туризам на културно наследство*** во која се укажува на улогата на културниот туризам и културното наследство во креирањето на туристичката дестинација, каде што се вклучени темите: *Културата и културното наследство како туристички потенцијали, Дефинирање на „културен туризам" и „туризам на културно наследство", Приоди во дефинирањето на* „културниот туризам", Форми на „културен туризам", Принципи на „културниот туризам", Дефинирање на „културни туристи" и „културни туристички дестинации", Карактеристики (типови) на „културните туристи", Одржливиот развој на културниот туризам според УНЕСКО/ Светска туристичка организација (WTO), Економски импакт на туризмот во туристичката дестинација и културното наследство и Конверзивната функција на туризмот во културното наследство. Шестата тема од поглавјето е ***Религиозен (верски) туризам***, каде што се опишуваат поим и видови религиозен туризам, како и верскиот туризам и културното наследство и верскиот туризам во светот. Во седмата тема се прави елаборација на **културното наследство во Полошкиот регион**, каде што детално се пренесуваат потенцијалите од културното наследство што го поседуваат двата градови Тетово и Гостивар заедно со околните населени места и туристичките центри Попова Шапка и Маврово. Осмата тема гласи ***Културен туризам и туризам на културно наследство во Полошкиот регион***, каде што се вклучени темите: *Туристичка понуда на Полошкиот регион, Поврзаноста на „културниот туризам" со другите видови на туризам во Полошкиот регион, Поврзаноста на културниот туризам и верскиот туризам во Полошкиот регион, Заштита на културното наследство во Полошкиот регион, Реставрација на културно- историските објекти во Полошкиот регион, Маркетинг стратегии за промоција на културното наследство во Полошкиот регион, Дигитализација на културното наследство во Полошкиот регион, Перспективите на „културниот туризам" и „туризмот на културно наследство" во Полошкиот регион и SWOT анализа на развојот на културниот туризам во Полошкиот регион*. Од каде што се гледа фактичката состојба на културното наследство и културниот туризам во Полошкиот регион.

Третото поглавје е посветено на **емпирискиот дел од истражувањето**. Во овој дел, преку анкетирањето, на кое му претходеше разговор и дискусија со претставниците на туристичките агенции и хотелите, детално се анализира реалната состојба на културното наследство во Полошкиот регион и вклучувањето во функција на одржливиот развој на туризмот. Спроведено е истражување и анализирани се резултатите од истото, со цел да се утврдат можности за подобрување на туристичката понуда за одржлив развој на културниот туризам во Полошкиот регион. Користен е квалитативно-квантитативен метод за истражување, кој според авторот дава јасна и објективна слика за моменталната потреба на активно учество на сите чинители во туризмот, посебно туристичките агенции и хотелите во креирањето на една опширна туристичка понуда за целиот Полошки регион, каде што би имале комбинација на повеќе видови на туризам, продолжување односно зголемување на времето на престој на туристите, зголемување на соработката со институциите и секако зголемување на придобивките за сите инволвирани страни.

Последното поглавје се однесува на цитираната **литература** која е користена во оформувањето на трудот.

**Конечна оценка на докторската дисертација**

Врз основа на анализата и проверката на докторската дисертација, може да се заклучи дека трудот е успешно завршен. Може да се констатира дека станува збор за особено значаен труд што дава научен придонес во областа на туризмот со посебен акцент на културниот туризам. Резултатите се прегледно претставени. Понудените заклучоци ја заокружуваат тезата како целина и нудат насоки за идни активности.

Докторската дисертација е научен труд со оригинални сознанија, а врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторски труд.

**Резултати.** Добиените резултати од направените истражувања во докторската дисертација се прикажани јасно и разбирливо, текстуално во табели, слики и графикони, а целта на истражувањето е успешно реализирана. Резултатите се толкувани логично и разбирливо на соодветно академско ниво со научен степен на верификација преку примена на современи статистички и научно признати истражувачки методи и анализи.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Кандидатот м-р Агим Асани ги објавува следниве научноистражувачки трудови:

1. Kitanov, Vladimir and Asani, Agim (2023) Innovative technology and its impact on the economic development of tourism. In: 40th International scientific conference KNOWLEDGE WTHOUT BORDERS, KNOWLEDGE – INTERNATIONAL JOURNAL, VOL. 57. Sokobanja, Serbia 07-09.04.2023
2. Asani, Agim (2020) Cultural heritage in service of the sustainable development of tourism in the tetovo region in: International Scientific Journal in Economics, Finance, Business,Marketing, Management and Tourism ECONOMIC VISION | Vol. 7 | No. 13-14 | pp. 1-279 | Tetova | 2020
3. Асани, Агим (2021) Promotion of restaurants by branding the chef and the impact on the Tourist offer of the city of Tetovo In: International scientific and practical conference Current trends and prospects of international tourism. TURISTIKA Skopje, North Macedonia 03.09.2021
4. Асани, Агим, Зенуни, Зенун (2022) Хотелите и туристичките агенции клучни за развојот на рецептивниот (дојдовен) туризам во тетовскиот регион In: 5. Меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, »ISCTBL 2022«.
5. Antonievski, Goranan, Agim Asani, Zenuni, Zenun (2022) Карактеристики на гастрономијата во Источниот регион на РС Македонија. In: 5. Меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, »ISCTBL 2022«.
6. Antonievski, Goran, Asani, Agim (2022) Карактеристики на гастрономијата во Полошкиот регион. In: Шеста меѓународна научна конференција „ФИЛКО филологија, култура и образование“, 18-19.10.2021.
7. Саздова, Јулијана, Асани, Агим, Антониевски, Горан (2023) Анализа на квалитетот на угостителските услуги во источниот дел од Република Северна Македонија In: 6. Меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, »ISCTBL 2023«

8. Асани, Агим, Садова, Јулијана, Антониевски, Горан (2023) Вонпансионската туристичка понуда на угостителските објекти во полошкиот регион In: 6. Меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век", »ISCTBL 2023«

9. Sazdova, Julijana and Asani, Agim (2023) Types of Restaurant Service Quality, Expectation and Perception In: XIX. International Balkan and Near Eastern Congress Series on Economics, Business and Management-Plovdiv / BULGARIA, ISBN 978-619-203-339-2

10. Asani, Agim (2023) Development of tourist business in a rural environment (case: Mrizi i zanave – Albania) In: ECONOMIC VISION, International Scientific Journal in Economics, Finance, Business, Marketing, Management and Tourism, VOL. 10 NO. 19-20 PP. 1-221 TETOVA, 2023

11. Kadriu, Arta and Asani, Agim and Aqifi, Elsana (2023) in: ECONOMIC VISION, International Scientific Journal in Economics, Finance, Business, Marketing, Management and Tourism, VOL. 10 NO. 19-20 PP. 1-221 TETOVA, 2023

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација **„Културното наследство во функција на одржливиот развој на туризмот во Полошкиот регион"** од кандидатот м-р Агим Асани донесе заклучок дека истата претставува самостојна научна работа со оригинални научни истражувања и значајни резултати.

Докторската дисертација е научен труд со оригинални сознанија, а врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторски труд.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Културното наследство во функција на одржливиот развој на туризмот во Полошкиот регион" од кандидатот м-р Агим Асани и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Дејан Методијески, редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, претседател, с.р.

Д-р Тања Ангелкова-Петкова, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, член, с.р.

Д-р Оливер Филипоски, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, член, с.р.

Д-р Нако Ташков, редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, интерен ментор и член,

Д-р Адем Дрешај, редовен професор на Факултет за агробизнис, Универзитет „Хаџи Зека", Печ, екстерен ментор и член, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „ХЕМИЈА ЗА СТУДЕНТИТЕ НА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ" ОД ПРОФ. Д-Р БИЉАНА БАЛАБАНОВА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1302-180/10 од 10.10.2023 г., на 220. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 9.10.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Рубин Гулабоски, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- д-р Трајче Стафилов, редовен професор во пензија на Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ХЕМИЈА ЗА СТУДЕНТИТЕ НА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ**" од **проф. д-р Биљана Балабанова,** наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Хемија за студентите на биотехнички науки" од проф. д-р Биљана Балабанова, наменет за студентите на прв циклус на студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, за предметот Хемија како задолжителен предмет на студиските програми: Поледелство, Фитомедицина - заштита на растенијата, Квалитет и безбедност на храна, Растителна биотехнологија, Градинарство, Лозарство и Винарство. Предметот Хемија, за кој е наменет учебникот „Хемија за студентите на биотехнички науки", е задолжителен предмет во прв семестар (прва година), со 8 ЕКТС, 3+2+2, вкупен фонд од 240 часови, на сите студиски програми на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Учебникот во целост ја опфаќа предвидената наставна содржина за предметот Хемија, согласно со предвидените часови за студиските програми на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот за учебник со наслов „Хемија за студентите на биотехнички науки" е напишан на македонски литературен јазик, содржи 150 страници, со 67 слики (фотографии, илустрации, графикони, структурни формули и модели), соодветно адаптирани од страна на авторката, како и 11 табели. Учебникот е систематизиран во дванаесет поглавја, согласно со предвидената наставна содржина на предметот Хемија. Учебникот е пишуван согласно со Упатството за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (ОИДК. ОБ.15.), напишан во А4 формат, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11, со проред 1,0. Цитирањето на автори е подготвено според АПА стил. Во учебникот е даден и Прилог со примери за хемиски пресметки. Техничкото уредување на учебникот е на значително ниво и овозможува прегледност на изложената материја во целост.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот претставува еден универзален прирачник со сеопфатен преглед за материјата, хемиските елементи, соединенијата, системите, состојбите на материјата и хемиските процеси. На Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, како и во светската литература, досега се објавени бројни учебници и учебни помагала од областа на хемијата. Сепак, приложениот ракопис за учебник со наслов „Хемија за студентите на биотехнички науки” од проф. д-р Биљана Балабанова како целина и како начин на обработка на предвидениот предмет за изучување, претставува автентично дело, каде што авторот на еден оригинален начин ја обработува комплексната материја на хемијата, приспособувајќи го за потребите на студентите на биотехничките науки. Воедно, содржината опфатена во учебникот ќе обезбеди соодветно предзнаење на студентите за следните наставни содржини од областа на биохемија, агрохемија и други сродни наставни предмети на студиските програми на Земјоделскиот факултет.

**Краток опис на содржината:** На главниот текст на приложениот ракопис за учебник му претходи краток предговор каде што авторката дава основни податоци за содржината и намената на учебникот. Наведена е јасна и прецизна содржина на 12 поглавја.

Поглавје 1. Вовед - во ова поглавје авторката дава хронолошки преглед на позначајните настани во развојот на хемиската наука, опфаќајќи временска рамка од античкиот период до денес. Посебен акцент е даден на утврдувањето на законитостите за состојбите кај материјата, кои се применливи и денес во современата хемија. Во вториот дел од ова поглавје авторката укажува на применливоста на хемиските концепти во разни области од биотехничките науки. Генерално, хемијата игра значајна улога во земјоделството и производството на храна, од разбирање на хемијата на почвата до развој на нови технологии и практики.

Поглавје 2. Материја и основни поими во хемијата – Во второто поглавје се опишани состојбите на материјата, со првично појаснување на поимот материја и постулатите за нејзиното настанување. Кон ова следуваат основните дефиниции за енергија и својства на материјата во четирите агрегатни состојби (гас, течна, цврста и плазма). Детално се појаснети механизмите на интеракција на честичките кај сите четири состојби на материјата. Прегледно се објаснети процесите на менување на состојбата на материјата, односно состојби коишто условуваат промена на агрегатната состојба. Посебен акцент е даден на современите примени на термалните и нетермалните плазми.

Поглавје 3. Мерни единици, величини и конверзија на мерни единици – Поглавје во коешто се изложени основните и изведените физички величини и соодветните мерни единици, согласно меѓународен систем на единици (SI). Детално е објаснет механизмот на примена на префикси и усвојувањето на поголеми и помали мерни единици од основната. Дадени се дефинициите за основните мерни единици како референтни прототипови во метрологијата. Мерењето е основата за квантитавната анализа, заради што ова поглавје претставува значаен сегмент во ракописот. Дополнително, објаснети претворбите на помали поголеми мерни единица за должина, волумен, површина, маса и волумен.

Поглавје 4. Атоми, елементи и хемиска периодичност – Поглавјето започнува со претставување на структурата на атомот и карактеристиките на честичките од атомот. Даден е краток историски преглед во развојот на атомската теорија. Детално се објаснети термините: изотопи, изобари, релативна атомска и молекулска маса. Во ова поглавје е разработен и концептот за количество супстанца, маса, број на честички, волумен и густина кај чистите супстанци. Претставени се хемиските пресметки за одредување на наведените величини. На едноставен и разбирлив начин е направен преглед на хемиските елементи, хемиски симболи, користење на стехиометриски коефициенти и индекси. Поглавјето ја вклучува хемиската периодичност кај елементите, со краток историски преглед кон истата и генерален преглед на групите елементи во Периодниот систем. Понатаму, даден е преглед на хемијата на елементите, преку објаснување на електронската конфигурација, јонизација, електронегативноста, формален полнеж и оксидациона состојба.

Поглавје 5. Хемиски елементи и соединенија – Во ова поглавје се објаснети хемиските и физичките карактеристики на еден елемент, коишто се последица на електронската прераспределба во околината на атомското јадро на атомот. Едноставно е појаснет механизмот на одредување на електронската конфигурација и значење. Во поглавјето се појаснети елементите од *s* -блок, *p*–блок, *d*–блок и *f*–блок. Посебен осврт е даден на елементите водород, азот, фосфор и нивни соединенија. Во ова поглавје авторката дава преглед на хемиските елементи содржани во биолошките клетки, како значаен аспект за студентите од биотехничките области.

Поглавје 6. Јони, молекули и хемиско сврзување - Поглавје 6 ја опфаќа организацијата на атомите на елементите во молекули и механизмите на настанување на хемиски врски и формирање на соединенија. Авторката детално и на разбирлив начин ги опишува механизмите на настанување на ковалентна (поларна и неполарна), јонска и метална врска (како интрамолекуларни интеракции) и водородна врска (како интермолекуларна интеракција). Дополнително авторката објаснува и за механизмите на настанување на јоните со преглед на позначајни јонски формации и именување на истите.

Поглавје 7. Номенклатура на соединенијата - Поглавјето вклучува преглед на неорганските соединенија и правила за нивно именување. Номенклатурата на групите соединенија, оксиди, хидроксиди, киселини (кислородни и безкислородни), соли и хидрати е објаснета преку примери на соединенија и нивно именување. Дополнително е направен преглед на органските соединенија и преглед на функционалните групи коишто ги карактеризираат својствата на органските соединенија. Номенклатурата на соединенијата е едно од најзначајните делови од хемиските науки коешто ги води студентите низ останатата содржина на хемиските и други сродни науки.

Поглавје 8. Супстанци, смеси и процеси – Ова поглавје опфаќа изучување на хемиски состав и карактеристични својства на супстанците. Супстанците се проучувани како чисти хемиски супстанци и како смеси (хомогени и хетерогени смеси). Во ова поглавје се опфатени и хемиските процеси и начинот на нивно изразување преку хемиски равенки. Разработени се видовите на хемиски реакции, а авторката ги појаснува реакциите на синтеза, разложување, неутрализација,

преципитација и оксидо-редукција. На овој дел од поглавјето се дополнети квантитативните операции со хемиските равенки за хемиски пресметки по хемиска равенка и стехиометриско израмнување на хемиска равенка. На крајот од поглавјето се изложени реакционите механизми и хемиската рамнотежа.

Поглавје 9. Водни системи и својства на водата – Во содржината на ракописот авторката конструира посебно поглавје за изучување на својствата на водата како значајно неорганско соединение, но и како значаен поларен медиум во организмите и животната средина. Објаснети се физичко-хемиски карактеристки на водата, состојби на кохезија и атхезија, хидролиза на неоргански соли во вода, дисоцијација на неоргански соли во вода, топлински капацитет на вода, топлина на испарување на водата и состојби на поларност и неполарност на водните раствори. Во ова поглавје се обработени електролитите и електролитните реакции во водните раствори.

Поглавје 10. Гасови и гасни смеси – Во поглавјето за гасови и гасни смеси се проучуваат физичко-хемиските карактеристики на гасовите претставени со зависностите од притисокот, температурата, волуменот, количеството супстанца и моларната маса. Авторката ги има објаснето и претставено математички формулации за Бојлов закон, Чарлс и Геј-Лисаков закон и Далтоновиот закон за гасни смеси. Дополнително се објаснети состојбите на дифузија и ефузија.

Поглавје 11. Дисперзни системи - Дисперзните системи претставуваат смеси во коишто честичките на една супстанца се распоредени низ честичките на друга супстанца. Ваквите системи всушност се дел од животната средина како медиуми. Воедно дисперзните системи се и комерцијално достапни смеси од активни материи, заради што потребно е познавањето на физичко-хемиските својства на овие системи посебно за студентите од биотехничките науки. Во поглавјето се разработуваат грубо-дисперзионите системи (емулзии и суспензии), колоидите и растворите. Посебен акцент е даден на вистинските раствори и состојбите на растворливост на супстанците. Во делот за раствори се појаснети колигативните својства на растворите и квантитативните својства на растворите. Овој дел опфаќа хемиски пресметки за количествена, масена и волуменска концентрација, како и соодветните пресметки за уделите на растворените супстанци во растворите.

Поглавје 12. Киселинско-базни својства на растворите - Во изучувањето на хемијата се опфатени аспектите коишто се базирани на трансформациите на јонските видови и својствата коишто произлегуваат од тие трансформации. Еден таков пристап е хемијата на киселините и базите. Во поглавје 12 се опфатени концептите за: киселинските и базните својства на водата, автојонизацијата на водата, јонскиот производ на водата и водороднот показател pH. Овие значајни состојби за утврдување на ацидноста и базноста на срединатa водат кон дефинирање на системите коишто дејствуваат во медиумите не дозволувајќи нагли промени на pH. Во поглавјето преку примери е објаснет механизмот на пуферирање.

Прилог - ХЕМИСКИ ПРЕСМЕТКИ: примери за решавање - Прилог со задачи за хемиски пресметки е даден на крај од ракописот.

Ракописот за учебникот „Хемија за студентите на биотехнички науки" завршува со цитирање на релевантна литература, како и корисни веб-страници.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот со наслов „Хемија за студентите на биотехнички науки“ од проф. д-р Биљана Балабанова претставува јасен и разбирлив ракопис за студентите на прв циклус студии на земјоделските и сродни биотехнички науки. Ракописот опфаќа основни концепти на неорганска хемија приспособена за потребите на наставната програма предвидена по предметот Хемија на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Авторката, прегледно и доследно ги има изложено позначајните концепти во хемиската наука (неорганска хемија), коишто ќе обезбедат задоволителни познавања на хемијата, како и доволни предзнаења за останатите сродни области кои понатаму ги изучуваат студентите.

Воедно, ракописот во целост е подготвен согласно со правилата и критериумите за објавување на платформата е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, учебникот со наслов **„Хемија за студентите на биотехнички науки“ од проф. д-р Биљана Балабанова** да го одобри за издавање.

**Рецензенти**
Д-р Рубин Гулабоски, редовен професор, с.р.
Д-р Трајче Стафилов, редовен професор во пензија, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН” ОД ВОН. ПРОФ. М-Р ЈОРДАН ЕФРЕМОВ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2302 – 150/4 од 158. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на ден 5.12.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- м-р Ванѓа Димитријева-Кузмановска, вонреден професор, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев – Штип;
- д-р Петар Намичев, редовен професор, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН” од автор вонреден професор м-р Јордан Ефремов,** наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот е **„СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН“ –** учебник**.** Предметот е со назив Современа уметност и дизајн и се слуша во IV(четврти) семестар како изборен предмет (факултетски) со фонд на часови 2+1+1 застапен во студискита програма Дизајн и технологија на текстил и облека и во студиската програма Дизајн на текстил и облека (2+1+1), 6 семестар. Материјалот кој е опфатен во учебникот е во согласност со Наставната програма за предметот Современа уметност и дизајн и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 175 страници, А4 формат, со нормален проред. Поради неопходноста од визуелна презентација и во интерес на презентираниот пишан материјал, во ракописот се поместени 380 фотографии. Обемот на ракописот за учебник по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Претходно е објавена скрипта со ист наслов од истиот автор.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во ракописот опфаќа четири поглавја односно четири дела.

Првиот дел ја опфаќа појавата и развојот на ликовната уметност. Во овој дел се презентира развојот на уметноста и на дизајнот, како одраз и рефлексија на времето во кое тие се создавани, како и степенот на развој на општеството во кое тие дела егзистирале. Презентирани се почетоците и развојот на *ликовната уметност*, односно најзначајните нејзини периоди, почнувајќи од најраната *праисториска уметност*, потоа *египетската уметност*, *уметноста во Месопотамија и Персија, уметноста во Стара Грција, средновековната уметност – романика и готика,*

*уметноста во ренесансата, уметноста во барокот,* па се до *уметноста во новото време – 19 век*. Во ова поглавје се презентираат и опсервираат креативните процеси во ликовната уметност, кои се клуч во обликувањето на визуелните уметности. Се говори за тоа како уметноста се создавала низ вековите и се учи за тоа, на кој начин и во колкава мера таа имала влијание врз обликување и создавање на големите цивилизации низ историјата, од нејзиниот почеток па до денес.

Второто поглавје ја опфаќа појавата и развојот на *модерната уметност*. Во овој дел се опфатени почетоците на модерната уметност од појавата на првиот модерен правец *импресионизам*. Потоа е опфатен развојот на останатите модерни правци и движења во развојот на уметноста, почнувајќи од *неоимпресионизмот, постимпресионизмот, фовизмот, експресионизмот, кубизмот, апстрактната уметност, дадаизмот, надреализмот, новите видови на реалност, енформелот и поп-артот*. Опфатени се најзначајните претставници на наведените уметнички движења и правци и презентирани се нивните најзначајни уметнички дела и достигнувања во тој период. Во овој дел се презентираат дијалектичките односно развојните процеси при создавањето на модерната уметност, поточно создавањето на нови вредности во визуелниот свет на уметноста и на дизајнот.

Третото поглавје ја опфаќа појавата и развојот на *современата уметност или таканаречената постмодерна.* Во овој дел се опфатени и презентирани уметнички движења на современата уметност од втората половина на 20 век па се до денес. Опфатени се аспектите на согледување во современите уметнички движења почнувајќи од шеесеттите години на дваесеттиот век, како што се: *апстрактен експресионизам, нова фигурација, концептуална уметност, флуксус, хепенинг, кобра 1948, лирска апстракција, минимализам, неодадаизам – нов реализам, оптичка уметност, компјутерска уметност, уметност на перформансот, постминимализам и вашингтонското училиште на бојата.*

Во продолжение на ова трето поглавје се опфатени уметничките движења во седумдесеттите години од дваесеттиот век, како што се: *уметност повера или сиромашна уметност, боди арт, уметнички книги, феминистичка уметност, ленд-арт, уметничка инсталација, хиперреализам, фотореализам и видеоуметност*.

Понатаму во ова поглавје се презентирани уметничките движења и движења од областа на дизајнот, во периодот на осумдесеттите години од дваесеттиот век, како што се: *демо сцена, електронска уметност, жива уметност, мејл-арт, постмодернизам, неоконцептуална уметност и уметност на видеоинсталации.*

На крајот од третото поглавје се презентирани уметничките и дизајнерски движења од првата деценија на дваесет и првиот век, па до денес. Тие се: *плурализам, софтверска уметност, звучна уметност, улична уметност, уметноста на видеоигри, како и развојот на архитектурата во дваесеттиот век.*

Четвртото поглавје е посветено исклучиво на применетата уметност, односно на дизајнот како ликовна дисциплина во уметноста. Опфатено е дефинирањето на дизајнот, неговата улога и значење во современото општество. Се презентира како настанува процесот на дизајнирање, на конструирање, на обликување и креирање на прототипови или модели на предмети, кои можат масовно индустриски да се произведуваат и на тој начин да се применуваат и употребуваат во секојдневниот живот. Презентирани се најраните почетоци на дизајнот, неговото настанување преку првите обиди за креирање на дизајнерски творби во Ритвелд стилот во почетокот на 20 век, потоа преку создавањето на група од холандски уметници околу списанието „Де Стијл“, па се до создавањето

на групата Баухаус во Германија. Презентирана е поделбата на дизајнот на дисциплини, почнувајќи од: индустриски дизајн, архитектонски дизајн, дизајн на ентериер, графички дизајн, моден дизајн, веб дизајн и информатички дизајн. Презентирана и образложена е улогата на дизајнерот во современиот живот, како и карактеристиките при начинот на создавање во секоја од наведените дисциплини во дизајнот. На крајот од последното поглавје, опфатен е дел во кој се зборува и се образложува, што е тоа вкус, а што невкус. Се зборува за создавање на изграден вкус, за изградени естетски вредности кај една личност. Се зборува за тоа што е кич, што е шунд и што е тоа кемп. Кои се аспектите и карактеристиките на овие негативни појави особено во денешното потрошувачко општество.

**ЗАКЛУЧОК**

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот со наслов „Современа уметност и дизајн" – скрипта пријавен од авторот вон. проф. м-р Јордан Ефремов е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе им биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет да го прифати рецензираниот ракопис со наслов „Современа уметност и дизајн" – учебник, пријавен од авторот вон. проф. м-р Јордан Ефремов и истиот да го одобри за користење како учебник, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за негово соодветно издавање.

**Рецензенти**
М-р Ванѓа Димитријева-Кузмановска, вонреден професор, с.р.
Д-р Петар Намичев, редовен професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ИЗОЛАЦИЈА НА ПРИРОДНИ ПРОДУКТИ"**
**ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р СЦИ. БИЉАНА ЃОРЃЕСКА И ПРОФ. Д-Р САЊА КОСТАДИНОВИЌ-ВЕЛИЧКОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-270/25 од 31.10.2023 год., на 311. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 31.10.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, редовен професор на Факултет за медицински наука при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип и
- д-р Викторија Максимова, вонреден професор на Факултет за медицински наука при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ИЗОЛАЦИЈА НА ПРИРОДНИ ПРОДУКТИ" од проф. д-р сци. Биљана Ѓорѓеска и проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска** за прв циклус студии на Факултет на медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на второто издание на ракописот е „Изолација на природни продукти", како што е и во наставните планови и програми именуван и предметот што се слуша во шести (VI) семестар како изборен предмет на студиска насока Фармација, со фонд на часови 1+1+1. Структурата на ракописот е во согласност со наставната програма предвидена за предметот Изолација на природни продукти.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот за второ издание на учебникот „Изолација на природни продукти" е напишан на А4 формат на страници, со фонт 12 и проред 1.15. Ракописот на 148 страници е поделен на четиринаесет (14) тематски наслови и библиографија, а содржи 10 табели и 119 фотографии и 96 уредно цитирани референци. Обемот на ракописот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Досега нема објавено ист или сличен ракопис од други автори.

**Краток опис на содржината:** Природните продукти служеле како важен извор на активни компоненти уште од древните времиња и околу половината од корисните droги денес се добиени од природни извори. Фактот што тие претставуваат повеќекомпонентни системи останува како критичен фактор со кој може да се осигура дека методите за откривање на нови лековити компоненти од природно потекло може да се натпреваруваат со последните, најново развиени

технологии, како што се високонапредните скрининг методи за комбинирани испитувања на синтетски продукти. Ефикасната употреба на автоматизирани процедури и бази на податоци за изолација, идентификација и биолошко профилирање на биоактивните состојки од природни извори е најдобра гаранција за постојаното откривање на нови генотипови во природните производи. Проучувањата структура-активност, во комбинација со компјутеризираните методи, доведува до откривање модели на активност на потенцијално активни молекули и резултира со селекција на молекули со оптимална биоактивност и биорасположливост, помалку несакани ефекти и прифатлив терапевтски индекс, а следствено на тоа и потенцијални нови соединенија за развој на нови лекови.

Во овој учебник по предметот Изолација на природни продукти во вкупно четиринаесет (14) поглавја се објаснети најупотребуваните методи и техники за изолација на природни продукти од комплексни смеси, структурата на изолираните продукти, како и индустриско производство на природни продукти кои може да се употребуваат како лекови.

Во **првото** поглавје од овој учебник даден е краток хронолошки преглед за изолација на природни продукти кои во минатото биле користени како лекарства. Исто така, наведени се првите билни продукти кои биле користени како лекови.

Во **второто** поглавје дефинирани се екстрактите од билните дроги, начинот на нивното екстрахирање, нивните физички и хемиски својства, карактеристиките како и контролата на квалитетот во однос на активните компоненти. Во ова поглавје издвоен е и посебен раздел за индустриско производство на билни екстракти.

Во **третото** поглавје се објаснети постапките за изолација на масни и терпенски масла и тоа масло од марихуана, како и масло од спеарминт и ким. Во ова поглавје е објаснета изолационата или противструјна хроматографија како и изолација на антоцијани (природни пигменти) од комиње од грозје со противструјна или изолациска хроматографија.

**Четвртото** и **петтото** поглавје од учебникот се однесуваат на суперкритична флуидна екстракција и микробранова екстракција како најсовремени техники за изолација на термолабилни природни продукти подложни на оксидација.

**Шестото** и **седмото** поглавје од овој учебник се однесуваат на потврдување на структурата на изолираните продукти со инфрацрвена и нуклеарно-магнетна резонантна спектроскопија. Најпрво, во **шестото** поглавје е објаснето за кои изолирани компоненти е најпогодна инфрацрвена спектроскопија како поевтина, побрза и подостапна, а објаснети се и практични примери на идентификација на изолираните компоненти.

Во **седмото** поглавје од овој учебник е објаснета протонската НМР спектроскопија и НМР спектроскопија со јаглерод-13. Во ова поглавје е објаснето во кои случаи се употребува НМР спектроскопијата, за кои видови на изолирани компоненти и на практични примери е објаснето што може да се прочита за структурата на една компонента од спектарот на протонската НМР или од НМР спектроскопијата со јаглерод-13.

Во **осмото** поглавје се објаснети начините на изолација на алкалоидите како фармаколошки најзначајни природни продукти заедно со сите техники кои беа објаснети во претходните поглавја од овој учебник. Поконкретно, објаснети се постапките на изолација на хиосцијамин од *Belladonnae radix*, кофеин од *thea folium*, кинин од *Cinchonae cortex*, морфин од опиум, како и изолација на кардиотонични гликозиди и флавоноиди со посебен акцент на изолација на рутин како флавоноид со значајна фармаколошка активност.

**Деветтото** поглавје од овој учебник се однесува на антиоксидативниот потенцијал на биоактивните компоненти изолирани од растителни droги. Посебно се акцентирани флавоноидите изолирани од *Polygonum hydropiper* и нивниот инхибиционен потенцијал за липидна пероксидација во микрозомите и генерирање на супероксиден анјон. Посочено е дека слободните хидроксилни групи во А-прстенот (C-5 и C-7) учествуваат во инхибирањето на липидна пероксидација, додека присуството на хидроксили во В-прстенот не е неопходно, иако го подига нивото на активност, со некои разлики во зависност од типот на структурата на изолираниот флавоноид. Во учебникот е посебно нагласено дека некои природни полихидроксифлавони се докажале како ефективни инхибитори на липидната пероксидација. Иако нивната потенцијална ефикасност како терапевтски агенси се уште не е потврдена, поради недоволната хидрофобност, ликокалконите во *G. inflata* се похидрофобни отколку хидроксилфлавоните, како кверцетинот и имаат значителен терапевтски ефект. Посебно, ликокалконите A, C и D имаат пренилна група ($C_5$ јаглеродни единици) или во А- или во В- прстенот. Внесувањето на липофобна група во овие молекули ќе ја подигне нивната хидрофобност, што овозможува да се подобрат нивните биохемиски и фармаколошки карактеристики преку зголемен афинитет кон мембраната.

Во **десеттото** поглавје од овој учебник се објаснети постапките за изолација на алкалоиди од дроги и бактерии посебно изолација на антитуморни продукти од растителни дроги. Посебен акцент е ставен на винка алкалоидите (винкристин и винбластин), полусинтетски аналози на винка алкалоиди (винорелбин и виндесин), паклитаксел (таксол), како и растителни дроги во претклинички развој бруцеантин и бетулинска киселина. Во ова поглавје е објаснета изолација на антитуморни лекови добиени од секундарни метаболити на *Camptotheca acuminata* (камптотехин), елипцин, индицин и индицин N-оксид изолиран од *Heliotropium indicum* како и индирубин (Indirubin) изолиран од *Indigo naturalis* Adans, *Indigofera tinctoria* L. (Leguminosae).

**Единаесеттото** поглавје од овој учебник се однесува на антихив агенси изолирани од растителни дроги. Посебен акцент е ставен на семето од *Avicena marina* од кое се екстрахира 2’-O-(4-метоксицинамоил) музаенозидна киселина. Понатаму е објаснето дека растенијата од фамилиите Rutaceae и Papaveraceae се добро познати за поседување на интересна класа на изохинолински алкалоиди со забележливи биолошки анти-ХИВ карактеристики. Фагаронин хлорид, нитидин хлорид и берберин хлорид, типичен претставник на протеберберин алкалоиди, го инхибираат ХИВ вирусот. Исто така, михеламини А, Ви С, димерни нафтилизохинолински алкалоиди од *Ancistrocladus korupensis* покажале изразена антихив активност спрема ХИВ-1 и ХИВ-2.

**Дванаесеттото поглавје** од овој учебник е посветено на изолација на антималарични природни продукти. Во ова поглавје објаснета е постапката на изолација на хинолински антималарици како што се хлорокин, кинин, мефлокин и халофантрин. Изолатите од неколку видови на родот *Alstonia*, исто така, се користат во традиционалната медицина за третман на маларија. Главниот алкалоид, ехитамин покажал само слаба антималарична активност, додека другите два минорни хинолински алкалоиди, кориалстонин и кориалстонидин покажале значителна антималарична активност заедно со декоктите на *Strychnos myrtoides*.

Во **тринаесеттото** поглавје е објаснета изолацијата и карактеризацијата на биоактивни компоненти од цвет и лист на трника (црн трн, дива слива). Објаснета е постапката за добивање на суров екстракт од цвет и лист на трника збогатен со високи концентрации на флавоноиди, со посебен акцент на дериватите на флавонол (камферол, кверцетин и нивните гликозиди со арабиноза, рамноза и ксилоза). Исто така, изолација на екстрактите од цветовите на трника содржат проантоцијанидини тип А, додека во листовите може да се најдат значителни концентрации на каротеноиди и норизопреноиди. Освен флавоноиди, цветовите и листовите содржат и стероли и тритерпени посебно α- и β-амирини.

Во последното **четиринаесетто поглавје** од овој учебник се објаснети постапките за изолација на биоактивни секундарни метаболити од мексикански медицински растенија. Посебен осврт е даден на антипротозоични проантоцијанидини од *Geranium niveum*, *Geraniaceae* и цитотоксични ацетогенини од *Rollinia mucosa* и *Annona purpurea*, *Anonniaceae*. Посебен акцент е ставен на хемискиот состав на *Rollinia mucosa* и разрешување на хемиската структура на нов цитотоксичен ацетогенин – хименезин, како и осум нови амиди со потекло од триптамин, N-палмитоилтриптамин, N-стеароилтриптамин, N-арахидоилтриптамин, N-бехеноилтриптамин, N-трикосин, N-лигноцероилтриптамин, N-пентакосаноилтриптамин и N-церотоилтриптамин. Од листот на *Annona purpurea* изолирани се булатацин, ролинијастатин, пурпуреацин, херимолин, силватицин и пурпуреацин**.** Во ова последно поглавје е објаснета и активноста на пестицидните лимоноиди изолирани од *Swietenia humilis*, *Meliaceae*. Хроматографското фракционирање на екстрактот, подготвен од суви семиња на S. *humilis* овозможил изолација на хумилинолиди лимоноиди хумилин Б, метил-2-хидрокси-3-β-изобутирокси-1-оксомелијак-8(30)-енат, метил-2-хидрокси-3-β-тиглоилокси-1-оксомелијак-8(30)-енат, светиенин С и светимахонин С кои имаат најсилен инсектициден ефект во споредба со познати и достапни комерцијални инсектициди.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот за второто издание на учебникот „Изолација на природни продукти", поднесен од авторите проф. д-р сци. Биљана Ѓорѓеска и проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска е напишан според предметната содржина на предметот Изолација на природни продукти, на студиската програма Фармација, на Факултетот за медицински науки и ги исполнува критериумите за објавување. Притоа тој за студентите е неопходен сегмент за успешно совладување на наставните содржини по истиот. Материјалот претставен во ракописот е елабориран на лесен и разбирлив јазик, при што информациите што се содржат во учебникот се од

голема корист за студентите кои ќе имаат можност преку содржините од овој учебник, да се стекнат со знаења од областа на идентификација, квантификација и изолација на природни продукти од растителни droги. Исто така, за разлика од првото издание на овој учебник, второто издание е збогатено со дополнително проучување и утврдување на „*in vivo*“ и „*in vitro*“ антиоксидативна, антитуморна, антималарична и антихив активност на конкретни изолати од растителни droги.

Рецензентската комисија има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да го прифати второто издание на рецензираниот ракопис со наслов „Изолација на природни продукти“ од авторките проф. д-р сци. Биљана Ѓорѓеска и проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска и истиот да го одобри за користење како рецензиран учебник. Притоа, како членови на Рецензентската комисија му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифати овој труд за објавување како електронски учебник во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Рецензенти**
Д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, редовен професор, с.р.
Д-р Викторија Максимова, вонреден професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРОСТОР И АВАНГАРДЕН ДИЗАЈН"**
**ОД ПРОФ. Д-Р КАТЕРИНА ДЕСПОТ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ**
**И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1702-233/20 од 21.11.2023 година, на 56. седница одржана на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на 21.11.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Васка Сандева, редовен професор, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Република Северна Македонија;
- д-р Петар Намичев, редовен професор, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Република Северна Македонија

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ПРОСТОР И АВАНГАРДЕН ДИЗАЈН**" **од проф. д-р Катерина Деспот,** наменет за студентите на прв и втор циклус на студии на Факултет за природни и технички науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Простор и авангарден дизајн" од проф. д-р Катерина Деспот е јасно конципиран и пишуван според Наставниот план и програма за предметот Простор и авангарден дизајн, кој се изучува како предмет на првиот циклус студии на Факултетот за природни и технички науки, на студиска програма Дизајн на ентериер и мебел при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во трета година, шести семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1, и носи 6 кредити, вкупно 180 кредити.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува материјал преку кој студентите ќе можат да ги надополнат своите сознанија од потесната област на дизајнот односно за авангардниот дизајн, но и ќе може да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот што е предмет на обработка во овој учебник е изложен прегледно и концизно, претставен во текст од вкупно 225 страници, во кои се содржани и библиографски единици, периодични списанија. Начинот на кој е поставена истата ќе помогне во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите.

Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебник со ист или сличен наслов што обработува иста содржина на Универзитетот „Гоце Делчев“, како и на останатите државни и приватни универзитети во Македонија, досега не е објавена и како целина и начин на обработка на материјата, ракописот е оригинално дело.

**Краток опис на содржината:** Учебникот содржи 225 страници групирани во 10 (десет) глави и тоа:

Во глава (1) еден се разгледува творечкиот процес и што се подразбира под авангарден дизајн разгледуван од различни аспекти. Во материјалот се следи развојот на дизајнот, како и улогата и значењето на авангардниот дизајн.

Во глава (2) два се објаснети движењата на авангардниот дизајн со целосни примери.

Во глава (3) три е разгледан просторот од сите аспекти односно видови на простор, просторот како елемент во дизајнот и историскиот развој на современиот простор преку сите современи текови до денес.

Во глава (4) четири е прикажана атрактивноста на авангардните концепти во просторот преку минимализмот и просторната елеганција, потоа уметноста во корелација со дизајнот и просторот.

Во глава (5) пет се образложени формата и содржината на просторот и нивната трансформација. Што означува трансформација на форма и трансформација на простор преку авангарден пристап. Разгледани се и различните теории за значењето на трансформацијата.

Во глава (6) шест е процесот на дизајнот преку дигитален дизајн и авангарда, виртуелната реалност и зголемувањето на просторите.

Во глава (7) седум се разработени естетиката и формата на авангардниот мебел и сите фактори кои влијаат на естетиката.

Додека во глава (8) осум се образложени предизвиците и критиките за балансирање на иновациите и функционалноста, потоа критиките за авангардниот дизајн и која е дилемата за комерцијализација.

Во глава (9) девет е разгледана иднината на просторот и авангардниот дизајн, еволуција на трендовите, одржливоста на еко авангардата и иновативноста во дизајнот на просторот.

Во глава (10) десет се разгледани современите авангардни простори односно висока линија – градска трансформација, потоа природата затворена во геометрија и кој е културниот мост на иднината.

Од презентираниот материјал може да се заклучи дека се опфатени релевантните аспекти на авангардниот дизајн.

Концизното и експлицитното презентирање на проблематиките од оваа област даваат голема можност за користење на овој материјал не само од страна на студентите, туку и пошироко од страна на пошироката читателска публика која се чувствува блиска кон оваа проблематика, како и кон оние кои имаат потреба од соодветни дизајнерски предзнаења од областа на авангардниот дизајн.

Овој ракопис по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека ракописот за учебникот „Простор и авангарден дизајн” од проф. д-р Катерина Деспот, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, е напишан според предметната содржина за предметот за којшто е наменет и ќе им биде од особена корист на студентите при совладувањето на наставните содржини.

Предметната проблематика во учебникот е коректно обработена, избрани се соодветни методолошки пристапи базирани на современите достигнувања во полето на дизајнот со нагласено едукативно значење.

Сметаме дека овој учебник ќе им овозможи на студентите да се стекнат со потребните знаења од оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачуваме да биде објавен.

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да го поддржи издавањето на учебникот „Простор и авангарден дизајн” од проф. д-р Катерина Деспот, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Рецензенти**
Д-р Васка Сандева, редовен професор, с.р.
Д-р Петар Намичев, редовен професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОЕКТИРАЊЕ”**
**ОД ПРОФ. Д-Р ВАСКА САНДЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ**
**И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-233/18 од 21.11.2023 година, на 56. седница одржана на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на 21.11.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Катерина Деспот, редовен професор, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, Република Северна Македонија;
- д-р Петар Намичев, редовен професор, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, Република Северна Македонија

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОЕКТИРАЊЕ**” од **проф. д-р Васка Сандева,** наменет за студентите на прв и втор циклус студии на Факултет за природни и технички науки на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Елементи на проектирање” од проф. д-р Васка Сандева е јасно концепиран и пишуван според наставниот план и програма за предметот Елементи на проектирање, кој се изучува како предмет на првиот циклус студии на Факултетот за природни и технички науки, на студиска програма Дизајн на ентериер и мебел при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во втора година, трет семестар, со неделен фонд на часови 3+2+2, и носи 8 кредити, вкупно 240 кредити.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува материјал преку кој студентите ќе можат да ги надополнат своите сознанија од потесната област на дизајнот односно за авангардниот дизајн, но и ќе може да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот што е предмет на обработка во овој учебник е изложен прегледно и концизно, претставен во текст од вкупно 220 страници, во кои се содржани и библиографски единици, периодични списанија. Начинот на кој е поставена истата ќе помогне во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите.

Трудот е пишуван на македонски јазик, во А4 формат со проред 1, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11.

Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебник со ист или сличен наслов што обработува иста содржина на Универзитетот „Гоце Делчев“, како и на останатите државни и приватни универзитети во Македонија, досега не е објавена и како целина и начин на обработка на материјата, ракописот е оригинално дело.

**Краток опис на содржината:** Учебникот содржи 220 страници групирани во 12 (дванаесет) глави и тоа:

Глава (1) еден се разгледуваат елементите на проектирање, принципите на проектирање, проектирањето на ентериери и проектирањето во пејзажната архитектура.

Во глава (2) два е направена детална анализа на природните и создадените услови за проектирање.

Во глава (3) три се разгледува човекот како основна мерка во проектирањето. Антропометрија мерење на човечкото тело, потоа ергономија односно дизајн фокусиран на човекот, главни принципи и примена. Потоа антропометрија во внатрешна архитектура и антропометрија во пејзажна архитектура. Зависноста на димензиите на човекот и предметите од неговата околина. Мерки на човечкото тело во различни позиции. Човекот како мерило за сите предмети.

Во глава (4) четири е образложено техничкото цртање, технички цртеж, стандарди и форми на цртежи. Стандарди и формати на цртежи.

Во глава (5) пет е образложено техничкото цртање односно заглавие, размери на технички цртеж, видови линии во техничкото писмо, котирање, елементи на котирање и превиткување на формати.

Во глава (6) шест се објаснети методите на проектирање односно просторно проектирање, аксонометриски приказ и погледи.

Во глава (7) седум се разработени пресеците и шрафирањето односно пресеци во архитектурата, пресеци во пејзажната архитектура, пресеци во внатрешната архитектура и шрафирање.

Додека во глава (8) осум се образложени симболите односно архитектонски симболи, симболи во пејзажна архитектура и симболи во внатрешна архитектура.

Во глава (9) девет се разгледани архитектонските елементи, видови ѕидови, отвори – врати и прозорци, подови и плафони.

Во глава (10) десет е прикажана хоризонтална комуникација, хол, коридор, влез и вертикална комуникација, скали, видови скали, димензии на скали, подвижни складишта, рампи и лифтови.

Во глава (11) десет се образложени елементите на проектирање во внатрешната архитектура, мебелот односно мебел за седење, мебел за складирање, мебел за лежење, мебел за работа, тапетиран мебел, кујни и санитарни простории.

Во глава (12) дванаесет се образложени елементите на проектирање во пејзажната архитектура, вегетација, патеки и поплочување, вода, урбана опрема, гаражи и паркирање на моторни возила.

Од презентираниот материјал може да се заклучи дека се опфатени релевантните аспекти за процесот на проектирање.

Концизното и експлицитното презентирање на проблематиките од оваа област даваат голема можност за користење на овој материјал не само од страна на студентите, туку и пошироко од страна на пошироката читателска публика која се чувствува блиска кон оваа проблематика, како и кон оние кои имаат потреба од соодветни дизајнерски предзнаења за елементите на проектирање.

Овој ракопис по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „Елементи на проектирање” од проф. д-р Васка Сандева, Рецензентската комисија констатира дека ракописот е напишан според наставниот план и програма предвидена за предметот Елементи на проектирање на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип и ракописот ќе им биде од особена корист на студентите при совладувањето на наставните содржини.

Предметната проблематика во учебникот е коректно обработена, избрани се соодветни методолошки пристапи базирани на современите достигнувања во полето на проектирање со нагласено едукативно значење. Ракописот ќе придонесе студентите на поедноставен начин да ја совладаат оваа значајна материја од областа на проектирање, која е целосно во согласност со наставната програма на соодветната дисциплина.

Сметаме дека овој учебник ќе им овозможи на студентите да се стекнат со потребните знаења од оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачуваме да биде објавен.

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да го прифати за објавување издавањето на учебникот „Елементи на проектирање” од проф. д-р Васка Сандева, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Рецензенти**
Д-р Катерина Деспот, редовен професор, с.р.
Д-р Петар Намичев, редовен професор, с.р.

**ПРЕГЛЕД
НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ
И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-
НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА**

**Билтен 15.12.2023 година**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | 1.Данок на солидарност: данок на заедништво, правичност и општествена одговорност | 1102-13/6 од 6.12.2023 год. | Вон. проф. д-р Кристина Мишева | Даниела Станковска |
| | 2. Медијацијата како концепт на ресторативна правда спрема деца во судир со закон | 1102-13/7 од 6.12.2023 год. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Меги Маркова |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ | 3. Избор на локација на магацин за резервни делови и потрошни материјали за компанија со дисперзирани локации | 1702-213/9 од 26.10.2023 год. | Проф. д-р Стојанче Мијалковски | Васко Стефанов |
| | 4. Ергономско дизајнирање на работни места при производство на навлаки за автомобилски седишта | 1702-182/8 од 1.9.2023 год. | Проф. д-р Марија Хаџи-Николова | Ирена Тасева |
| | 5. Анализа на проценка на ризик на работно место при површинска експлоатација на минерални суровини | 1702-233/11 од 21.11.2023 год. | Проф. д-р Зоран Десподов | Маја Ѓорѓиева |
| ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ | 6. Влијание на годината на берба врз хемискиот состав на вина од сортите вранец и смедеревка | 1302-204/5 од 12.12.2023 год. | Проф. д-р Виолета Иванова Петропулос | Иле Илиевски |